Рамиз АБДУЛИ

# ЗЕФ ЉУШ МАРКУ – ИСТАКНАТ ПОБОРНИК НА РАБОТНИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НА КОСОВО (1885–1920)

## I

Зеф Љуш Марку е роден есента 1885 год. во Призрен, во едно од многуте занаетчиски семејства на овој град кое поради неповолните економски токови што владеја во градот, впрочем како и во другите предели на Отоманската Империја во втората половина на 19 век, живееше многу тешко.[1] Татко му Ѓерѓ едвај обезбедуваше егзистенцијата на семејството, работејќи и по 14 часа дневно во својата мала бочварска работилница.[2] И покрај семејната тешка економска положба, тој решил да го школува својот син. Бидејќи образованието на албански јазик беше забрането од тогашните турски власти, тој го запишал малиот Зеф во српска богословија. Иако наставата се одвивала на нему непознат јазик, тој се докажал како одличен ученик. Во ова училиште останал сè до завршувањето на втората година.[3] Се претпоставува дека во меѓувреме Зеф скришум се здобил со основни знаења и од албанскиот јазик во Призренската католичка црква, предводена од свештеникот Пашк Трошку.[4] Но поради влошените економски услови на неговото семејство, тој е пориморен да се одвои засекогаш од училишните клупи за да му помогне на татко му и да придонесе за ублажување на тешката положба.

Во ова време преродбенските идеи во албанското општество веќе сосема навлегле и биле примени од широките слоеви на тогашното албанско население, на Косово и во другите делови на Балканот под турска власт, се појавиле првите социјалистички идеи, кои биле пропагирани од страна на поединци, припадници од редовите на пропаднати занаетчии, земјоделци итн.[5] Токму кога Зеф навршувал десет години од својот живот, во неговиот роден

---

[1] Marjan Prenkaj, Prizreni me rrethine prej fundit te shek. XVIII deri ne fillim te shek. XX (докторска дисертација), Prishtine 1986, fq. 256: Zija Shkodra, Esnafet shqiptare, Tirane 1972, fq. 223, 236.

[2] Архив на ИНИ, Ф. Разни сеќавања, записи и биографии од работничкото движење во Скопје, К. XXXVIII/21, ред. бр. 94, Тодор Трпков, Историски и биографски белешки за Зеф Љуш Марку, бр. 1, стр.? (во натамошниот текст на Тодор Трпков, Историски...).

[3] Masar Kodra, Komunisti shqiptar Zef Lush Marku – viktima e pare e terrorit borgjez, Perparimi nr. 6 Prishtine 1977, fq. 735.

[4] Mehmet Kajtazi, 100 vjetori i lindjes se revolucionarit Zef Lush Marku, „Zeri i rinise", nr. 1122, Prishtine, 21 shtator 1885.

[5] Dr. Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku militant i levizjes punetore ne Kosove dhe ne Maqedoni (1885–1920), Kosova No 17, Prishtine 1988, 268.

град е формиран првиот социјалистички кружок (1895 година). Појавата и развитокот на социјалистичката мисла и на работничкото движење во овие предели на Балканот ќе станат животни идеали за Зеф Љуш Марку.

Тешката материјална состојба во која се наоѓаше семејството на Ѓерѓ Љуши беше причина тој да го напушти својот роден град и да се досели во Скопје, со надеж дека тука, во тогашниот центар на Косовскиот вилает, ќе најде подобри услови за живот отколку во неговиот роден град.[6] Оваа преселба за Зеф Љуш Марку претставува ново поглавје во неговиот живот, поради фактот што тој тука дефинитивно ќе се определи за идеалите на работничката класа и за борбата за нејзино ослободување од буржоаската експлоатација, за кои ќе го положи и својот живот.

## II

Положбата на семејството на Зеф и во Скопје, како и на многу други од овој град не се измени во споредба со онаа од неговиот роден град, поради што продолжиле перипетиите во неговиот млад живот, посебно по смртта на татку му, кога врз него, како најголемо дете во семејството, паднал товарот да се грижи за него.[7]

Тоа му ја наметна на младиот Зеф единствената алатернатива – местото за издржување на семејството да биде Камениот мост, покрај Вардар, каде што се нудеше и се продаваше работната сила на масата безработни скопјани. Тој се радуваше на „среката“ кога ќе имаше понуда за каква било физичка работа, но тоа ретко се случуваше поради големата разлика помеѓу побарувачката и понудената работна сила.

Овој период од животот на Зеф Љуш Марку се карактеризира со продлабочувањето на сознанијата за општествено-економските и политичките околности што владееја во Отоманската Империја и пошироко, за кои тој дознаваше од кругот на новостекнатите пријатели од редовите на сите националности.[8] Нему му беше јасно дека сета вина за тешката економска и политичката положба на албанскиот и на македонскиот народ беше апсолутистичкиот режим на Султан Хамид, кој со право беше наречен „крвав султан“.

Поволната политичка клима, создадена по младотурската револуција, овозможи легално организирање и на политичките и професионалните организации на работниците, што го гарантираше прокламираниот устав од страна на младотурците, а беше поздравено и од страна на идеолозите на работничкото движење во Отоманската Империја.[9] Работниците во оваа импе-

---

[6] Истото.

[7] Истото. Податоци прибрани од Марко, син на Зеф Љуш Марку од страна на авторот на трудот, во 1986 год.

[8] Истото, 269.

[9] Проф. д-р Роберт Шфанке, „Македонското работничко движење од 1908–1914 во светлина на австриските извори“, Одабрани статии за работничкото движење во Македонија до 1929 год., Институт за национална историја, Скопје 1962, 156 (во натамошниот текст: ОСРДМ)

рија прогласувањето на младотурската револуција го примија со голем ентузијазам, сметајќи дека ќе се ослободат и од нивното социјално ропство.[10]

Раководителите на работничкото движење во Македонија и на Косово, користејќи ја новосоздадената политичката клима, започнаа со активност во правец на пропагирање на социјалистичките мисли меѓу работниците. Истовремено, нивната активност ја насочија и во правец на создавање на социјалистичките организации. Како резултат на таа дејност, покрај социјалистичките организации што беа формирани од порано во неколку градови во Македонија, такви беа формирани и во Призрен, Приштина, Вучитрн, Гнилане и др. Од новоформираните организации во денешната територија на Македонија и на Косово, со својата сестрана активност се истакна Социјалдемократската организација во Скопје, формирана во јануари 1909 год.[11] Дејноста на другите организации во овие предели се состоеше, главно, во активности за зачленување на работниците, докажувајќи го на овој начин класното расположение, класната припадност и солидарност со работничкото движење кај соседите. За разлика од нив, скопската организација, уште од нејзиното основање докажа дека во многу нешта е над нивното ниво, заради што таа со право го презеде кормилото на работничкото движење на овие предели за подолг период.[12] Дејноста на оваа организација е значајна и поради фактот што во нејзините редови активно дејствуваше и Зеф Љуш Марку. Се претпоставува дека тој влегол во нејзините редови од нејзиното основање[13] и дека во ова време имал постојани контакти со скопските социјалисти, посебно со Душан Цекиќ, нејзиниот секретар. Уште од тоа време тој јасно се определил за идеалите на работничката класа, кои станаа неодвоив дел од неговиот живот.[14] Времето на идејното определување на Зеф за идеалите на работничката класа се совпаѓа со интензивната активност на неговата организација, во прв ред на планот на пропагирањето на социјалистичката мисла, со цел да се издигне класната свест кај работниците. Со оглед на тоа дека поголемиот дел од работниците беа неписмени, пропагандата се одвиваше на вербален начин, а Зеф беше активно вклучен за оваа насока среде албанските работници. Меѓу другите работниците, што беа во помал број, пропагирањето се вршеше преку социјалистичкиот печат кој стигнуваше во Скопје од поголемите градови на опкружувањето, како и преку социјалистичката литература која доаѓаше од Белград и др.[15] Кај овој дел на работничката класа од овие предели, голема улога одигра „Социјалистичка зора“, орган на скопската партија кој излегуваше во периодот октомври 1910 – септември

[10] Аврам Бенарој, „Раднички покрет у Турској“, во ОСРДМ, 213–214.

[11] Миодраг Николић, Njeqind vjet nga lindja e Zef Lush Markut, „Rilindja“, 24.X.198?, Радничке новине, бр. 11, 24. X. 1909.

[12] Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku figure e shquar revolucionare e levizjes punetore ne Kosove, „Fjala“, No 23, 31.XII.1985.

[13] Миодраг Николић, Njeqind vjet nga Lindja e Zef Lush Markut, „Rilindja“, 24.X.1985.

[14] Dr. Ramiz Abyli, Zef Lush Marku militant i levizjes punetore ne Kosove dhe ne Maqedoni (1885–1920), „Kosova“, No 17, Prishtine 1988, fq. 270.

[15] Д-р Стојан Кесић, Раднички покрет у југословенским земљама до 1914 год., Београд 1976, 154.

1912 год.[16] Овој весник во прво време излегуваше на српски јазик во Белград, а потоа продолжи да излегува во Скопје и имаше претензии да прерасне во орган на социјалистите од европскиот дел на Отоманската империја.[17]

Зеф Љуш Марку со голем интерес го следеше овој весник уште од неговиот прв број. Излегувањето на весникот се совпадна со времето кога тој работеше во тутунскиот монопол како физички работник. И покрај тешката работа, тој најде време да ги пропагира социјалистичките идеи меѓу работниците на претпријатието, како и меѓу селаните со кои соработуваше. Неговата активност ја забележаа надлежните и полицијата, поради што за кратко време беше уапсен. При претресот на полицијата во неговата куќа беше пронајден весникот „Револуција" што го издаваше Васил Главинов, заедно со друга социјалистичка литература.[18] Од затвор излезе благодарејќи на рушветот што го даде неговата фамилија на тогашните власти.[19]

Ширењето на социјалистичките идеи, покрај другите облици за дејствување, се практикуваше да се врши и преку организирање прослави на меѓународниот ден на трудот. Овој ден веднаш по Младотурската револуција, на извесен начин го прославија и неколку социјалистички организации на Косово и Метохија, но онаа во Скопје го прослави многу поорганизирано.[20] Зеф Љуш Марку беше еден од организаторите на првата манифестација со која се одбележуваше меѓународниот ден на трудот 1909 год., но и на другите, сè до неговата смрт.[21]

Значаен настан за Социјалистичката организација на Скопје како и во животот на Зеф Љуш Марку преставуваше посетата на Димитрие Туцовиќ. На крајот од неговиот престој, тој инсистираше во работничкото движење да бидат вклучени што поголем број Албанци.[22] Во еден натпис во „Радничке новине" од ова време, беа осудени репресивните мерки што ги употреби младотурскиот режим за задушување на албанското востание на Косово од 1910 година,[23] додека во еден подолг напис на истиот весник се „советуваа другарите во Турција да создадат услови за заедничко дејствување, без оглед на националните и верските разлики".[24]

Работничкото движење во балканските земји беше за тоа националното прашање на народите од Балканот да се реши во рамките на една балканска федерација, а главен носител на таа идеја беше српската Социјалдемократска партија. За таа цел беше одржана Првата балканска конференција на

---

[16] Историски архив на Сојузот на комунистите на Македонија, том III, кн. 1, 23.

[17] Dr. Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku figure...

[18] Истото; Масар Кодра, Оп...

[19] Миодраг Николић, Njeqind vjet...

[20] Хронологија развитка радничког покрета на Косову и Метохији 1895–1941, „Vjetar" –Годишњак Архива Косова 1, Prishtine – Приштина 1965, 271: Извештај са демонстрације, Радничке новине бр. 49, Београд 28.4.1909, 2.

[21] Dr. Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku militant... 272.

[22] Zekerija Cana, Socialdemorakcia serbe dheçështja shqiptare, Prishtina 1986, 89.

[23] Револуција, Радничке новине, бр.13, 7.7.1910 год.

[24] Социјализам у Турској, Радничке новине, бр. 86, 20.7.1910, 2.

социјалистичките партии од балканските земји.[25] Поради несогласноста на бугарските социјалистички партии, не дојде до одржување на втора балканска конференција, која требаше да се одржи во 1912 год.[26]

III

Во животот на Зеф 1912 година преставува голем пресврт поради фактот што во почетокот на оваа година тој беше вработен на постојано работно место во српско-француската банка, во прво време во својство на курир, а потоа како нејзин службеник. Вработувањето во оваа банка на амбициозниот Зеф му обезбедуваше економски услови за подобар живот, а воедно и можност поактивно да се зафати со натамошното остварување за неговите животни определби. Во ова време тој продолжи да ги проширува неговите сознанија за социјализмот преку печатот и литературатра што му беа достапни. На тој начин неговата канцеларија за кратко време личеше на една мала книжарница, каде што беше сместена сета литература којашто се однесуваше на положбата на работничката класа и на социјалистичките идеи.[27] Истовремено, дел од слободното време му посветуваше, исто како и порано, на пропагирањето на социјалистичките идеи меѓу работниците, но и на пишувањето на пропагандиот материјал за таа цел.[28]

Меѓутоа, набргу избувна Првата балканска војна во која овие области станаа арена на крвави судири помеѓу балканските сојузници од една страна и турската војска и албанските востаници од друга страна. Во тоа време, при повлекувањето на турската војска кон југ, како што наведува Д. Туцовиќ, Скопје стана голем логор на албанските бегалци од северните предели.[29] Во овие прилики Зеф со другарите од својата организација протестирале против војната, но немале сили да го менуваат текот на крвавите пресметки на фронтовите.[30]

Истерување на османлиските освојувачи од овие простори беше значаен настан за сите балкански народи. Но таа за Македонците и за дел од Албанците значеше преминување од едно ропство во друго.[31] Српското кралство во „новоослободените краеви“, во името на редот и поредокот, воспостави полициски режим, профункционираа воените судови за да се озаконат теророт и насилството над албанското и македонското население. За злосторствата на Народната одбрана – испружена рака на главната српска команда,

[25] Одлуке социјалдемократске балканске конференције, Радничке новине, Београд, 1912, 1910; Zekeria Cana, Socialdemorkacia..., 83–83.

[26] Ристо Поплазаров, „Врски и соработка на македонските социјалистички организации и партии со ослободителното движење во Турција и во други земји (1894-1912)“, во: Работничото движење во Македонија ..., 111.

[27] Тодор Трпков, Историски..., 1.

[28] Dr. Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku, 36.

[29] Крвна освета солдатеске, Радњичке новине, 22.10.1912.

[30] Д-р Петар Стојанов, Македонските социјалисти во војните од 1912 до 1918 година, во: Работничкото движење во Македонија до 1929 год., 127.

[31] Исто; Миодраг Николић, Njeqind vjet...

се увери и делегацијата на српската Социјалдемократска партија, која беше дојдена во Скопје при крајот на декември 1912 год. Околу овие и други моменти Драгиша Лапчевиќ, еден од водачите на српската Социјалдемократската партија, објави фелтон во „Радничке новине“.[32] Инаку весникот во повеќе написи ги осудуваше овие злосторства.[33]

Драгиша Лапчевиќ имал впечаток дека скопската организација во ова време во однос на приемот на новите членови во нејзините редови имаше построги критериуми од Втората интернационала, па затоа наместо 200 членови таа броеше само 12.[34] Неговата констатација беше умесна, иако оваа организација, и покрај вонредната состојба, продолжуваше сестрано со својата активност. Зеф со својата организација и во таа воена година ја одбележа првомајската прослава во Таталице.[35] Неговата активност им падна в очи и на неговите надлежни во банката, кои констатирале дека тој „паднал во социјалистички води“, за што беше казнет, со враќање на првобитното работно место – курир и со напомена да не се занимава повеќе со политика. Поради фактот што требаше да ја издржува фамилијата, тој не можеше да се спротистави на овој понижувачки чин.[36]

За политичките настани во земјата и надвор од неа, Зеф се информираше од социјалистичкиот печат, особено преку „Радничке новине“, преку кои можеше да се запознае со ставот на социјалдемократската партија кон политиката што ја водеше српската влада спрема другите народи на Балканот. Кога започна Втората балканска војна помеѓу Србија и Бугарија, се потврди тезата на Д. Туцовиќ дека војната за нова поделба помеѓу довчерашните сојузници е неизбежна,[37] а се водеше на штета на македонскиот народ, причинувајки големи човечки жртви.[38]

Зеф беше сведок кога поради неподносливиот полициски и воен српски режим, во „новите краеви“ од западна Македонија избувна македонско-албанското востание. Тогаш раководството на српската Социјалдемократската партија го информираше Бирото на Втората интернационала дека започнала трета балканска војна.[39] За крвавото задушување на востанието и геноцидот што го направи српската војска и полиција над македонското и албанското население, Зеф ќе се информира и преку фељтонот на Д. Туцовиќ објавен при крајот на 1914 год. во Радничке новине под наслов „Албанска писма“.[40] Геноцидот на тогашните српски власти го осуди и Илија Красојевиќ, истак-

[32] Три дана у Скопљу, Радничке новине 19.2.1913.

[33] Славна власт, Радничке новине 11.12.1912; Због одушевљења, 25.12.1912 и др.

[34] Три дана у Скопљу, Радничке новине 18.1.1913.

[35] Први мај у унутрашњости, Радничке новине бр. 70, 25.4.1913.; Dr. Ramiz Abdyli Zef Lush Marku..., 278.

[36] Миодраг Николић, Njëqind vjet…, 26.10.1985.

[37] Zekeria Cana, Димитрије Туцовић, 219–220; Прва последица раздора, Радничке новине, 17.1.1913.

[38] Логор смрти, Радничке новине, 5.6.1913; д-р Петар Стојанов, op. cit. 129.

[39] Istoriski arhiv KPJ, Tom III, Beograd 1950, Pismo socijaldemoratske partije povodom ugusenja albanske pobune od 16(29) septembra internacionalnom socijalstickom birou. 245, 246.

[40] Zekeria Cana, Socjaldemokracija..., 191.

нат раководител на работничкото движење на Косово.[41] Поради овие причини, многу Албанци беа приморани да се иселат во Турција. Зеф беше сведок кога возови натоварени со Албанци тргнуваа преполни од Скопје, за што известуваше и напредниот печат.[42]

IV

Избувнувањето на Првата светска војна беше неминовна последица на несогласувањата на големите сили, групирани во воено-политички блокови кои имаа за цел да извршат нова поделба на светот, од што не беа поштедени ниту малите земји како што беа Македонија и Албанија. Кога бугарските сили ја окупираа Македонија, Зеф присилно беше мобилизиран во редовите на овие сили за да им служи, против неговата волја, на големобугарските претензии.[43] Многу млади „христијани“, Македонци, Срби и Албанци, беа регрутирани за потребите на бугарската армија, а доста од нив и страдаа поради неподносливите услови под кои работеа.[44]

Во придружната документација за него, се ставаше на знаење на неговите надлежни дека се работи за опасен социјалист. Тоа беше причина тој да биде упатен во првите редови на фронтот.[45] Но Зеф и понатаму стоеше цврсто на своите антивоени определби, убеден дека само со преземање на власта од страна на работничката класа ќе се решат сите спорни прашања. Поради неговите доследни погледи беше преместуван од еден на друг фронт како опасен социјалист.[46] Таму Зеф стапи во контакт со неговите истомисленици, па заедно организираа антивоена пропаганда меѓу редовите на војниците. На фронтот пристигнуваше доста пропаганден материјал од страна на бугарските социјалисти, што за Зеф и неговите другари беше добредојден за агитација против разорувачките цели на војната која се водеше. На тој начин тој им остануваше верен на своите идеали, мечтаејќи дека еден ден тие ќе се исполнат и откако насилно ќе се собори буржаското општество, ќе се оствари социјална и национална рамноправност помеѓу балканските народи.[47]

---

[41] Истото, 202, 203.

[42] „(...) возови за Турску су препуни мухаџири ма (...). Албанци исељавају се углавном ради несигурног живота (..)“ Поопширно: Из унутрашњости и нове Србије, Радничке новине, бр. 94, 2106, 1914.

[43] Dr. Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku, 47.

[44] Поопширно: Крсте Битовски, Глад страдање и отпор становништва Косова и Метохије за време бугарске окупације 1915–1918, Историски гласник бр. 4, Београд, 1963.

[45] Миодраг Николић, Револуционарни раднички покрет на Косову и Метохији, 174.

[46] Панче Михајлов, Поракота на младиот Зеф, Нова Македонија. бр. 4495, Скопје 16.1.1959.

[47] Dr. Ramoiz Abyli, Zef Lush Marku, 56.

## V

Есента 1918 год. војната заврши, а Зеф повторно се најде во Скопје, кај неговото семејство и старите другари, за да ја продолжат натамошната партиска активност во новосоздадените услови. Повторно беше вработен во француско-српската банка како нејзин службеник.[48]

При крајот на 1918 година беше прокламирано Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (2.12.1918). Неговото прокламирање во прв ред беше израз на големосрпските претензии и на доминацијата на Србија над другите словенски народи на Балканот, но и врз другите несловенски народи. Македонците и Црногорците не беа признати како нации, а со тоа и нивните национални права не им беа признати, туку им беа ускратени. Исто така, никакви национални права не уживаа ни сонародниците на Зеф. Исто како и Македонците, Албанците не само што не ги уживаа ни елементарните национални права, туку беа сестрано потиснувани и прогонувани.[49] Беше сосема јасно дека оваа влада е неспособна да ги решава социјалните проблеми на широките слоеви, бидејќи таа ги бранеше интересите само на буржоаската олигархија. Како погодно средство за владеење владата ја употребуваше силата која овозможуваше одржување на буржоаските привилегии и ги угнетуваше широките народните маси, посебно несрпското население. Зеф беше сведок на неправдите од власта и стравот од неа што го имаа припадниците на неговиот народ. Тој беше убеден дека е наминовно да се сруши буржоаското општество и да се создаде општеството еднакво за сите народи и граѓани во него. За таа цел, заедно со неговите поранешни другари, тој започна со активност за обновување на социјалистичките организации. Како резултат на нивното ангажирање, во февруари 1919 год. беше обновена скопската социјалистичка организација.[50]

Социјалистичките организации на Косово, како и оние од Македонија имаа сестрана помош од скопската организација и во тие рамки придоносот на Зеф беше многу значаен, посебно за проширување на социјалистичките идеи меѓу неговите сонародници. Тој се истакна како еден од најзначајните социјалистички агитатори во Скопје, активно учествуваше во сите собири во градот и околината, на конференциите, додека неговата куќа беше претворена во една од базите, од каде беа преземени многу акции.[51] Тој со својата активност стекна голема доверба кај неговите партиски колеги и покраинското раководство. Тоа го потврдуваат неговите многубројни и чести партиски задачи низ Косово и Македонија, а повремено и во Србија, каде што извршувал значајни партиски активности.[52]

Партиските и синдикалните организации на Косово и Македонија, за пропагирање и ширење на социјалистичката мисла ја користеле прославата на Први мај. Овој празник, и покрај заканите на власта, бил успешно одбеле-

---

[48] Истото, 57.

[49] Dušan Lukac, Radnički pokret u Jugoslaviji i nacionalno pitanje, Beograd 1972, 15, 16.

[50] Masar Kodra, Zef Lush Marku, istaknat..., 177.

[51] Миодраг Николиħ, Njëqind vjet...; Dr. Ramiz Abdyli, Zef Lush Marku..., 286.

[52] Миодраг Николиħ, Револуционарни раднички ..., 76.

жан во неколку градови во Македонија и Косово. Како и порано, Зеф дал голем придонес за организирање на овие манифестации преку партиската организација во Скопје. Тој добил голема поддршка и помош од семејството и соседите.[53]

Во масовизацијата на натамошната класна борба на партиските и синдикалните организации, како и на животното дело на Зеф Љуш Марку, голема улога одиграле одлуките на Првата покраинска конференција на Југословенската социјалистичка работничка партија (комунисти) /ЈСРП (к) за Македонија и Косово, одржана на 7–8 јануари 1920 година во Скопје. Како главна задача пред партиските и синдикалните членови се поставувала предизборната кампања за општинските органи. За оваа цел било решено да се обнови весникот „Социјалистичка зора", орган на Покраинскиот секретаријат на ЈСПР (к) за Македонија и Косово, кој започнал да излегува од 1 февруари 1920 година.[54]

Активностите на партиските и синдикалните организации биле проследени со прогони и терор од страна на власта, која затворила неколку македонски револуционери, а многумина од нив биле протерани од земјата.[55]

Против овој терор биле организирани неколку протести од страна на партиските и синдикалните органи, во кои улогата на Зеф Љуш Марку била голема.[56] Теророт на власта бил забележителен и против Албанците, за што „Радничке новине" и „Социјалистичка зора" редовно ги известувале своите читатели. „Радничке новине" објавил и писмо на еден Албанец, кој истакнал дека неговиот народ бил прогонуван и вознемируван од режимот.[57]

Зеф Љуш Марку одиграл голема улога во организацијата на штрајкот на железничките работници, на 15–16, април 1920, потоа на прославата на Први мај 1920 година и др.[58]

За развитокот на работничкото движење во Македонија и Косово многу влијаеле одлуките на Вуковарскиот конгрес (20–25 јуни 1920), кои Зеф се ангажирал сесрдно да ги имплементира во практиката на овие простори. Зеф Љуш Марку имал голема и значајна улога и во организирањето на предизборната кампања, на општинските избори во Македонија и Косово.

Како што е познато, поради заострените политички прилики, општинските избори во Пеќскиот, Призренскиот и Скопскиот округ биле пролонгирани за октомври 1920 година. Во изборите во Скопскиот округ одржани на 24 октомври 1920 година, комунистите забележале победа, при што за нив масовно гласале и Албанците и Турците. За таа цел во пропагандата кај Албанците во Скопје бил вклучен и Зеф Љуш Марку, кој има значителни заслуги во нејзината реализација.[59]

---

[53] Тодор Трпков, Историски..., 3.

[54] Dr. Milutin Goliq, Pjesmarrja e PKJ-së në zgjedhjet komunale e parlamentare të vitit 1920, Rilindja, Prishtinë, 5.12.1985.

[55] Радикални терор, Радничке новине, бр. 85, 10.3.1920.

[56] Полициски терор у Печи , Радичке новине, бр. 86, 13.4.1920.

[57] Анраути и Комунизам, „Радничке новине", бр. 86, 13.4.1920.

[58] Миодраг Николић, Зеф Лусх Марку, 27.10.1985.

[59] Тодор Трпков,Историси..., 4.

Во тоа време се вршеле подготовки и за парламентарните избори, закажани за 28 ноември 1920 година. На Втората покраинска конференција на КПЈ за Македонија и Косово биле определени задачите на нејзините членови во претстојните парламентарни избори Зеф бил здолжен со задача да оди во Косово и да им даде помош на тамошните партиски организации во изборната кампања. Оваа задача нему му се давала како добар познавач на приликите во Косово и искусен револуционер.[60]

Кон почетокот на ноември 1920 година, Зеф заедно со неговиот помал брат и некојси Фетах, заминале на железничката станица, носејќи куфер полн со пропаганден материјал, без да знае дека за последен пат е во Скопје. Таму се поздравил со неговиот помал брат, при што му рекол дека патува за Косовска Митровица на една значајна и опасна задача, затоа го молел да се грижи за неговите деца.[61]

Во Митровица за кратко време воспоставил контакт со партиската организација и ја продолжил својата мисија во Пеќ, каде што зел учество во организацијата на предизборниот митинг на 16 ноември 1920, држејќи говор пред собраната маса од работници и граѓани. Тој ги организирал и митинзите во неколку пеќски села каде, исто така, држел говори.[62]

На 18 ноември сам тргнал за Ѓаковица, бидејќи од непознати причини неговиот придружник Фетах се вратил во Скопје. Неговите од Пеќ, кои располагале со сигурни информации дека Зеф бил следен од страна на полицијата од Скопје, му предложиле да го одложи патувањето за Ѓаковица. На нивните совети тој одговорил: „Партијата ме испрати и јас ќе одам, ние комунистите се гордееме кога сме во состојба да извршуваме ризични задачи, и тогаш кога ни е и животот загрозен“.[63]

Во Ѓаковица, каде што бил следен од полицијата, контактирал со Спиро Станојевиќ, на кого му го дал поголемиот дел од материјалот, а другиот дел го дистрибуирал меѓу занаетчиите во Големата чаршија. Потоа со едно писмо ги запознал другарите во Пеќ дека ја завршил задачата во Ѓаковица. Спиро Станојевиќ го повикал да преноќи кај него, но Зеф решил да оди кај неговите роднини во католичкото маало. Утредента тргнал за Призрен за да ја заврши поставената задача.[64] Тука се губи секоја трага на Зеф Љуш Марку, а неговите другари во Скопје попусто чекале информации за него цели 10 дена.

Заправо, мистеријата наречена Зеф Љуш Марку завршува во затворот во Ѓаковица, каде бил подложен на ѕверска тортура, по наредба на шефот на полицијата за Метохискиот округ.[65]

Исчезнувањето на Зеф кај неговите другари во Скопје и насекаде побудило интерес за неговата судбина, кој траел сè до првата информација

---

[60] Миодраг Николић, Револуционарни раднички покрет ..., 175.

[61] Радничке новине, 26, 25.12.1920.

[62] Миодраг Николић, Револуционарни ..., 175.

[63] Истото.

[64] Павле Јовичевић – Мита Милковић, Lufta e komunistëve të Pëjes me rrethinë midis dy luftrave boterore, 1918–1941, Prishtinë, 1985, 91.

[65] Мистериозно убиство, Радничке новине, 196,12.12.1920.

објавена на 12.12.1920 во "Радничке новине" во која се говори за неговото убиство.[66] Утредента, скопската и пеќската организација на КПЈ организирале протестни митинзи, искажувајќи голем гнев за постапките на полицијата. Скопските работници масовно ги оставиле работните места за да земат учество во митинзите. Од митингот била донесена резолуција со која се осудувало ѕверското убиство на Зеф, додека Покраинскиот комитет формирал посебна комисија на чело со Душан Цекиќ за да побара објаснувања од Министерството за внатрешни работи за ова убиство.[67] Комисијата отпатувала неколку пати на Косово и во Белград за да го осветли случајот. На 25 декември се дознало дека тој бил ѕверски прободен со бајонети, ноќта меѓу 2 и 3 декември 1920. Неговото тело било идентификувано од неговите другари во присуство на полициските органи, откако бил ексхумиран. Неговото безживотно тело имало знаци на многукратни убоди од бајонети.[68] Како што е познато, на парламентарните избори КПЈ освоила 58 пратенички места од вкупно 419, а во Македонија и Косово 18 места, за што огромен удел имал и Зеф Љуш Марку. Ден по изборите била објавена Обзнаната, која била во прв ред вперена против дејноста на КПЈ, која била ставена вон законот и преминала во илегала.

Зеф Љуш Марку станал прва жртва на државниот терор против напредното работничко движење во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно Кралството Југославија. Тој беше свесен дека извршува една мисија што е опасна по неговиот млад живот, за што беше предупреден од неговите другари и замолен да отстапи од опасниот пат, но тој не можеше да отстапува од своите идеали. Свесно го положи својот живот за подобра иднина на својот народ, за создавање ново општество во кое сите народи на овие простори и пошироко ќе ги уживаат своите национални права.

---

[66] Исто.

[67] Ramiz Abduli, Zef Lush Marku, Prishtinë, 1988, 118.

[68] Радничке новине, 206, 25.12.1920.

Ramiz ABDULI

## ZEF LJUŠ MARKU – MILITANT EMINENT DU MOUVEMENT OUVRIER EN MACEDOINE ET A KOSSOVO

(R é s u m é)

Cet article consacré à la vie et à l'oeuvre de Zef Ljuš Marku est composé de cinq parties. Dans la priemière partie on fait un image sur Zef Ljuš Marku et son enfance. Le sujet de la deuxième partie est le déménagement de sa famille à Skopje, puis son premier contact avec les idées socialistes, la formation de l'Organisation Social-démocratique, après la Révolution Jeune-turque et l'activité de Zef au sein de l'Organisation. La troisième partie englobe la période des Guerres balkaniques et l'activité de Zef dans ce contexte. Son activité pendant la Première guerre mondiale (1914-1918) est présentée dans la quatrième partie. Enfin, dans la cinquième et la dernière partie de l'article est représentée l'activité de Zef dans les cadres de l'Etat nouvellement crée – le Royaume des Serbes, Croates et Slovenes et sa participation, en tant que membre du PC Yougoslave, aux activités préélectorales, vers la fin de 1920, quand il perd sa vie.